МРТ

# *МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев 18 1000 Скопје,
**www.mrt.com.mk**

---

Програмскиот совет на МРТ на својата 202.седница одржана на ден 18.11.2022 година, во врска со точка 5 од дневниот ред, го донесе следниов

МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-1181/2
18 11 2022 год.
СКОПЈЕ

## З А К Л У Ч О К

Програмскиот совет на МРТ е информиран дека во Собранието на РСМ во моментов се менува Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кој се предвидува намалување на годишниот буџет на Македонската радио телевизија (МРТ).
Овие измени се носат по скратена постапка, на нетранспарентен начин и без вклученост на претставници на МРТ како и на новинарската заедница.
Измените предвидуваат средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и АВМУ кои се обезбедуваат од Буџетот на државата во висина од 1% да се намалат на 0.9% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година. Ова значи дека средства во висина од околу пет милиони евра наместо за развој на јавна радиодифузна дејност ќе се прелеат на сметка на приватните телевизии и радија за таканаречени кампањи од јавен интерес за теми за кои ќе решаваат пратеници од владејачките и опозициските партии.
Овој модел е на штета на МРТ и дополнително ја загрозува и така кревката финансиска состојба во која јавниот радиодифузер опстојува.
Потсетуваме дека Советот на Европа и ЕБУ во своите препораки ја афирмира виталната улога на јавните радиодифузни сервиси како суштински фактор за плурализам во медиумите, преку обезбедување на сеопфатна програма што содржи информации, едукација, култура и забава за граѓаните.
Дополнително, Советот во истата препорака предупредува дека јавниот сервис не може да биде важен извор на точни, навремени и плурални информации ако не биде независен од разни политички и економски влијанија. Еден од важните предуслови МРТ да има политичка независност е да има стабилно и доволно финансирање преку кое ќе биде во можност да ги исполнува своите законски обврски во интерес на јавноста

Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Директорот на МРТ,
- Одделението за Веб во МРТ,
- Архивата на МРТ.

Програмски совет на ЈРП МРТ

проф.д-р Емилија Јанеска Саракањац
претседател